## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 ноември 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и единаесеттата седница на Собранието.

Пратениците Томе Тромбев, Игор Ивановски, Каме Петров, Рафет Муминовиќ, Јани Макрадули, Марјан Ѓорчев, Али Ахмети, Теута Арифи, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Љубисав Иванов-Ѕинго, Љубчо Ѓорѓиевски, Абдулади Вејсели, Стојан Андов и Тито Петковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седнцата.

**Продолжуваме со точка 14-Предлог за донесување на закон за филмскиот фод на Република Македонија.**

Продолжуваме со претрес.

Господинот Трендафилов не е тука, избришете го. Господинот Мавровски не е тука, избришете го.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, немам намера да зборувам се додека не дојде претставник од Владата.

**Љупчо Јордановски:** Молам да се повика претставник од Владата.

Сега имаме претставник од Владата.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Денес продолжуваме со расправа по Предлогот за донесување на закон за филмскиот фонд на Република Македонија и можеби за многумина не е јасно зошто овој закон предизвика толку внимание, особено во пратеничката група на ВМРО-Народна партија. Јас ќе се потрудам и покрај моите колеги што во петокот максимално го искористија своето право, а со оглед на тоа што поминаа три дена, најверојатно се заборави, ќе се потрудам да објаснам поради што сметам дека овој закон заслужува внимание.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, навистина бев изненаден кога прочитав дека во овој дневен ред се нуди еден закон кој во својот наслов го содржи зборот фонд, филмски фонд или можност и начин, како што кажува и самиот закон, начин на финансирање преку фонд. Навистина бев изненаден затоа што сметав дека со доаѓањето на оваа власт во 2002 година, фондовското финансирање на било која дејност е негативно финансирање заради тоа што токму оваа власт таквото финансирање премногу го критикуваше уште во самите избори, но и откако дојде на власт. Јас добро се сеќавам дека во наше време, значи во претходната власт, власта на ВМРО од 1998 до 2002 година, кога тогашната Влада сметаше дека преку фондовскиот наин на финансирање ќе се подобрат дејностите таму каде што се основа фондот. Бевме доста критикувани во правец на тоа дека токму фондовскиот начин на финансирање претставува паралелизам во самото Министерство, во самата дејност, можност каде се приходуваат но и расходуваат пари кои најверојатно се неконтролирани или каде што може да се случуваат разни негативни појави. Таква беше работата, значи од критика се помина и на реализација. И ако добро се сеќавате, почитувани колеги, за брзо време беше укинат Фондот за земјоделие, откако дојде оваа власт на власт. Иако за кратко време фондот за земјоделие покажал извесни резултати, оваа власт го укина и сега сведоци сме на она што се случува во оваа дејност. Затоа навистина сум изненаден кога прочитав дека сега како единствено решение за подобрување на филмската дејност, во тој сегмент се нуди еден начин кој е познат, начин на финансирање на таа дејнсот преку фондовско делување. Тоа е едната работа.

Второ, ако ги погледнеме пак сите фондови во Република Македонија, како тргнало, за брзо време по се изгледа ќе угаснат сите оние кои и онака малку останаа. Како два најбитни се Фондот за здравство и Фондот за пензиско инвалидско осигурување кои, како се одвива секојдневната работа, најверојатно и на нив брзо ќе им дојде крајот, а и со оглед последните измени на законот за здравствена дејност и здравствено осигурување каде веќе им се одзема еден голем дел од ингеренциите. Сега на сета таква политика од страна на Владата сега ни се нуди еден сосема контра аргумент со тоа што самата Влада односно предлагачот признава дека дејноста, филмската дејност е во криза, дека филмската дејност не може да се развива на овој начин како што Законот за култура го предвидува на овој начин на финансирање, односно преку Министерството за култура или преку директните ингеренции што ги има министерот за култура. Добро е да се признае, чесно и поштено е да се каже дека не не бива. Но, ако веќе се признава дека неможеме преку тој ресор, или неможеме со толкави ингеренции на министерот да постигнеме одредена цел во филмската дејност, тогаш треба да бидеме храбри, барем да го определиме вистинскиот пат.

Секогаш кога се предлагаат одредени решенија најчесто, односно 99,99% се повикуваме и велиме дека овој закон е закон со кој треба да направиме хармонизација со законите на Европската унија и тн. Тоа секогаш се основни причини и тука немаме што да дискутираме кога знаеме дека треба да ги хармонизираме нашите закони со законите на Европската унија. Но интересно е тоа што во самото образложение за причините поради кои се предлага донесување на овој закон, јасно стои дека со овој закон, со вакиот предлог

не се прави никаква хармонизација односно не се врши усогласување со законодавството на Европската унија. Значи, таа основна причина отпаѓа, не сме толку многу обврзани, не не притиска Европската унија за еден таков закон и тука нема што сега да се оптоваруваме со таа појава. Од друга страна пак, кога имаме недостаток во тоа дека некој закон треба да се хармонизира со законите на Европската унија, тогаш се повикуваме на најголем број европски земји во кои токму на овој начин се финансира филмската дејност или дејноста на културата и тн. Значи, мора да постои некаква причина. На тоа ќе се надодаде дека ваквиот закон е во согласност со Националната програма па потоа со Програмата на работата на Владата и тн., па овде ни се цитираат одредени извештаи кои одат во правец на тоа дека ваквото финансирање е оправдано и е единствено кое може да покаже резултати. Тоа се причини кои се нафрлаат во самиот текст на образложението на законот.

Меѓутоа, ако добро се прочита и образложението на самиот текст на законот, јасно воочливо е дека основната цел поради која се предлага законот е деконцентрација на надлежностите на министерот за култура, особено во делот на одлучувањето за финансирањето на дејностите од областа на културата. Сега тука ни се кажува зошто е потребно да имате концентрација на овластувањата на министерот и на некој начин се прераскажуваат одредбите од законот за култура каде се кажува дека заради дејноста, филмската дејност поради националниот интерес, таа се финансирала врз основа на јавен конкурс кој конкурс одел еднаш годишно, тоа се правело во месец мај во тековната година. За тој конкурс се формирале разни комисии кои биле најчесто именувани од страна на министерот и целата таа процедура преку тие комисии, крајниот епилог на одлуката и за финансирањето и за продукцијата ја носел министерот за култура и тоа било една од пречките поради кои таквиот начин на одлучување за носење на финансиски план или на финансирање, претставува проблем односно заради тоа ние сме имале некаква криа во финансирањето на таа дејност. Од друга страна, доблесно е и самиот предлагач признава дека дури Министерството за култура не располага со добар потенцијал да може да се справи како Министерство и заради тоа предлага еден ваков закон каде улогата на планер, финансирер и тн., ја презема фондот. Сега, добро е тоа кога ќе го прочитаме. Ако одиме во тој правец, значи ако е целта да се направи деконцентрација на овластувањата на министерот, да се дојде до еден фонд кој треба да биде независен и самостоен, во рамките на филмската дејност, тогаш ми е апсолутно несфатливо она што се нуди во овој закон. Значи ако требаше да се елиминира министерот за култура, во рамките на одлучувањето по однос на финансирањето на оваа дејност, по однос на непосредното и посредното одлучување, не ми е јасно тогаш што овој закон предлага, поточно каде ја гледа самостојноста на фондот.

Ако обрнеме внимание, јас подоцна ќе се осврнам и на текстот, поединечно на секој член, меѓутоа ако глобално ја погледнеме содржината и ако видите дека во основниот предлог на текстот на овој закон повторно главната улога е човекот околу кој се се врти околу овој закон, повторно е министерот за култура, со тоа што сега нема да има комисии, како што до сега тој формирал комисии врз основа на јавен конкурс, сега во рамките на фондот ќе има два органи, едниот е управен одбор, другиот е директор кои треба да раководат со ваквиот фонд. Меѓутоа, ако ја погледнете постапката за нивно именување и нивно разрешување, навистина основното прашање е која е улогата на фондот и каде е тука независноста. Ако министерот за култура именува управен одбор на Фондот за култура, истовремено именува и директор на Фондот за култура, што е нешто апсолутно нелогично, тука нема самостојност. Во исто време тој може и да ги разреши. Тука дури се наведени и кои се тие причини поради кои може да ги разреши. Ајде да тргнеме по некоја хиерахија па да речеме, еве министерот за култура, можеби, има некакво овластување да именува, да речеме директор на фондот, меѓутоа каде е логиката да именува и управен одбор. Значи тука треба да има малку поголеми ингеренции некој друг, или пак да се направи една двостепеност во смисла на тоа да има и надзор и контрола, но во рамките на самиот фонд. Од тука почитувани колеги ќе се потрудам да одам со ред.

Овој закон нуди решенија во делот на основањето, работењето на фондот, потоа управувањето, финансирањето и тн., средствата за работа и други прашања утврдени со овој закон.

Мои забелешки на текстот на законот, ќе почнам со ред, се уште во членот 5.

Ако го читаме членот 5 од законот, особено ставот 2 каде јасно е истакнато дека средства потребни за основање и работа на фондот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за култура и тн., во износ утврден во Буџетот на Република Македонија за тековната фискална година.

Ако основните средства се обезбедуваат од страна на Буџетот на Република Македонија, не ја гледам потребата од основање на Фондот. Ако се тие средства предвидени во Буџетот, а понатаму следи во делот на објаснувањето дека тие средства се и досега, а нема да бидат ниту зголемени, ниту намалени од она што е предвидено во Министерството за култура, со тоа што ќе се издвојат од самиот ресор, Министерство за култура во посебна ставка на Фондот, она што е предвидено за филмскиот фонд. Ако нема додатни средства, ако се тоа главни средства од Буџетот на Република

Македонија , не ја гледам причината поради која што треба да се основа Фондот.

Или пак, вака како што е дефиниран членот 5 е апсолутно во контрадикција со членот 6. Ако веќе се зборува дека средства потребни за основање и работа на Фондот, како што вели членот 2 се средствата од Буџетот, без да се даде можност дека "и други средства предвидени со овој закон", значи треба да има продолжение на текстот,тогаш е нелогично да постои членот 6 каде што се зборува како фондот стекнува средства.

И сега, повторно се повторува дека Фондот стекнува средства од Буџетот на Република Македонија, но во членот 6 се даваат и други можности, како што се од соработка со меѓународни организации и институции, надоместоци утврдени со членот 7, дотации, донации, подароци, завештанија и други извори.

Сега, тој начин на финансирање можеше да се напише малку поинаку а од друга страна отвора еден проблем за кој што треба да се продискутира.

Ако членот 7 предвидува дека покрај средствата од Буџетот на Република Македонија, Фондот ќе се финансира и од надоместоци што во членот 7 се утврдуваат во висина од 2%, но по разни основи, да речеме од средствата на овлатениот дистрибутер за дистрибуција на секоја одделна копија што ја дистрибутирал, потоа надомест од 2% од прометот остварен од продажба на кинобилети, надоместок од 2% од прометот остварен од врашењето на дејност за изнајмување филмови итн, кои што срества треба да се уплаќаат на средства на фондот. Тука сега се отвора прашањето, издвојувањето на 2% од овие надоместоци, сега ќе паднат на товар на дистрибутерите, на оние кои продаваат кино-билети, односно кинопроектовите, потоа самиот промето од вршење дејност изнајмување на филмови, значи, сите оние претпријатија, трговски друштва кои се занимаваат со оваа дејност, сега ќе мораат да издвојат уште плус 2%, што ќе значи или покчување на цената на тие услуги на 2% или пак намалување на маржата или добивката што досега ја имаат. Но, тоа е додатно оптоварување на граѓаните на Република Македонија и тука, покрај оние даноци што влегуваат во Буџетот, а од буџетот се пренаменуваат на Министерството за култура, сега ќе имаме уште оптоварување за 2%. Или, можеби просто кажано, на фондот му даваме една улога, на некој начин, како некоја институција што би наплатувала една врска на данок, што не се вика данок, туку се вика надомест. Но, во секој случај тоа е оптоварувње.

Ако пак прифатиме дека тоа е неминовно потребно и дека оваа година, па и претходните години, покажале деа имаме огромна рестрикција во делот на филмската дејност, особено кога станува збор за националниот интерес, тогаш пак не ми е логично, апсолутно не ми е логично делот во завршните одредби, односно членот 29, во ставот 2 каде што се вели дека ваквите средства од членот 7, предвидени со надоместок од 2%, "ќе се уплаќаат на посебна сметка на Министерството за култура, заклучно со 1.01.2007 година". Значи, ако Фондот, а претходно во другите членови се гледа дека Фондот фактички требал да отпочне со работа од 1.01.2005 година, а во рок од 6 месеци треба да ги усогласи сите оние статути и акти што ги има, не ми е логично зошто цели две години тие средства да не одат на посебна сметка на фондот, туку да одат во Министерството за култура. Дали Министерството за култура на тој начин треба да закрпи некои дупки што очигледно се направени или пак станува збор за средства на Фондот? Значи, се до 2007 година, само со една ваква одредба во преодните и завршните одредби повеќе од јасно е дека само според овој член Фондот во никој случај нема да биде самостоен. Ниту финансиски, а ниту во делот на управувањето.

Така што, ако нам ни е основна цел, преку Фондот, до неговата самостојност да се дојде до некоја постручност, посамостојнст, потранспарентна работа и подобрување на дејноста во филмот, продукција итн.,тогаш не можеме да го ограничуваме со вакви одредби, како што е во членот 29, а и други, за кои што ќе зборувам понатаму.

Во членот 9 ставот 1, се зборува дека средствата на фондот се користат за финансирање на филмски проекти од национален интерес во Република Македонија. Би сакал да го прашам предлагачот што е тоа национален интерес во Република Македонија, затоа што под таа категорија во Република Македонија можеме да ставиме ама баш се и сешто. Оваа наша држава помина пногу периоди, па и мене, но верувајте и на граѓаните на Република Македонија веќе не ни е јасно што е национален интерес во Република Македонија. Дали е тоа она што беше пред 2001 година, или тоа после 2001 година? Дали оние одредби, согласно Рамковниот договор сега станаа национален интерес итн, итн? Мислам дека, кога веќе се зборува и целиот текст на Законот се однесува на националниот интерес во делот на филмската продукција во овој закон, во членот 9 или можеби во некој друг член треба да се дефинира поимот "национален интерес", за да немаме забуна и ние, но и оние кои реално треба да го применуваат овој закон. Затоа што понатаму, во текстот на Законот, кога ќе дојде тој член ќе го кажам и членот, но понатаму во текстот се нафрлува дека и кога станува збор за национален интерес "треба да се води сметка за мултиетничкиот карактер на Република Македонија". Е, па сега, ако дефинираме што е национален интерес, нема што да се занимаваме со тоа дека треба да водиме сметка за мултиетничкит карактер или за не знам што. Заради тоа е потребна јака дефиниција.

Одиме понатаму, веќе од членот 10, до членот 12 станува збор за надлежност на Фондот. членот 10 дава доста надлежностси. Вака, горе-долу

гледано не се некои надлежноссти, неочекувани, макар што мене ми е нелогична надлежноста во членот 10, алинеја 7, каде што се зборува дека Фондот предлага на министерот за култура критериуми и мерила за доделување на средства од Буџетот на Република Македонија, за финансирање на филмски проекти. Значи, тотално нелогична надлежност. Каде е тука самостојноста, каде е тука улогата на Фондот што овој закон ја дава? Ако Фондот само може да предлага "критериуми и мерила за доделување на средства", а повторно е министерот тој кој ќе одлучува како треба да ги доделува тие средства. Повторно нема зобр, за никаква деконцентрација. Нивни сме или се правиме наивни, во тој стил може да се сфати ова. Јас мислам дека не сме наивни, па затоа толку дискутираме по овој закон. Ако сакаме деконцентрација, тогаш да ја направиме така како што треба. А не дека сме мислеле да направиме деконцентрација на министерот.

Така што, оваа алинеја треба да претрпи измена и на место да стои зборот "предлага на министерот за култура", тој дел да се брише и да стои "утврдува критериуми и мерила за доделување на средства од Буџетот на Република Македонија, за финансирање на филмски проекти". Тогаш можеме да зборуваме дека Фондот ја има вистинската улога што треба да ја има, согласно овој закон, доколку прифативме дека фондовското финансирање на оваа дејност е единствен спас. Затоа што, ако го нема, најверојатно ќе нема повеќе ни филмови во Република Македонија, како што тргнало.

Нормално, членот 10 треба да биде во согласност со членот 11, секаде каде што се зборува дека фондот е со својство на правно лице, во ставот 2 дека Фондот е самостоен во својата работа итн., за да има логика она што го зборува и она што е целта на овој закон.

Членот 11, ставот 4, повторно има тотална нелогичност, во насока на она што значи деконцентрација. Зошто постои одредбата во ставот 4 дека "согласност на Статутот на Фондот дава министерот за култура". Зошто е потребна согласност од министерот, ако овој субјект е самостоен? Фала богу, белким знае да си донесе статут како што му треба и каков што му одговара, согласно на законот. Кој е министерот што треба да дава согласност? И, што ако министерот не даде согласност? Тоа значи дека тој статут нема да има правно дејство?! Каде е, повторно ќе кажам, тука улогата на фондот, каде е тука неговата самостојност?

Почитувани колеги,

Треба многу да се води сметка кога се носи еден закон ако основната цел му е онаа што е кажано во самиот закон, тоа е да се ослободиме од ингеренциите на министерот и на Фондот да му дадеме самостојниост во рамките на тоа да имаме поголема филмска дејност, стрибуција итн.

Сега доаѓаме до најспорните членови, тоа се органите на Фондот, членовите 12, 13, 14, 15, а се до 20. Зошто велам најспорни?

Прво, од аспект на правна терминологија, од асппект на техничко правна природа, кога се пишува еден закон и кога се зборува за органи на одредена институција, конкретно овде за фондот, тоа треба многу појасно да се запише.Овде, предлагачот се потрудил нешто да направи, меѓутоа едно што технички правно не е во ред, а второ што апсолутно не држи место од тоа што е основната цел на законот.

Ако прифатиме дека органи на Фондот се директорот и управниот одбор, ако правно-технички кажеме прво директор па поатоа управен одбор, тоа значи дека директорот има поголеми ингенренции од Управниот одбор. Ако така ги редиме со ред. Секаде, во сите закони, ако управниот одбор е повисок орган, а согласно надлежностите што овде ги читам во законот, очигледно е дека е повисок орган, треба да биде на прво место. Треба да стои "органи на Фондот се управен одбор и директор". Затоа што едниот носи некакви одуки, носи програми, носи ред други работи, а другиот е извртител. Според тоа, така треба и да се пишува.

Е сега, ако во членот 13 зборуаме за персоналниот состав на Управниот одбор е тогаш, почитувани колеги, одредба каква што е предвидено во членот 13 во никој случај не може да стои. Јас ќе се потрудам да ја објаснам нелогичноста на овој член.

Замислете, членот 13, во ставот 1 вели "Претседателот и членовите на Управниот одбор на Фондот ги именува и разрешува министерот за кукултура". Таму си зборува од стручни и компетентни лица, па се зборува колкав треба да биде бројот на членовите на Управниот одборт, мандатот итн. Со тоа што се дава можност во ставот 4 да и претседателот и членовите на Управниот одбор можат да бидат разрешени пред истекот на мандатот во случаи, како што се вели "врз основа на ревизија се утврди дека работат спротивно на законот" и интересна одредба "Фондот не ја остварува својата програма". Е сега, тука логично се поставува прашањето за која самостојнот може да стане збор, за која деконцентрација на овластувањата на министерот може да стане збор во овој закон, како основна цел на законот кога министерот за култура, не само што го бира комплетниот, го именува комплетниот состав на управниот одбор, туку именува и претседател. Можете да замислите дури не им дава право ниту самите да си изберат претседател. Тоа е една работа.

Од друга страна, истиот тој човек ги разрешува и пред истекот на мандатот, во смисла кога фондот не ја остварува програмата. Логичното прашање е кој е тој кој ќе оцени дали Фондот ја остварил програмата? Кој е тој орган? Дали е тоа управниот одбор, дали се тоа компетентни и стручни лица вработени во фондот или е тоа исклучиво

надлежност на министерот. Значи министерот е пак над сите. Со оглед на тоа што единствен надлежен за разрешување на членовите на управниот одбор и пред истекот на мандатот е министерот, значи исклучив орган, единствен надлежен орган што ќе ги разрешува овие членови и пред истекот на мандатот е министерот.

Е сега, тука, почитувани колеги треба да зборуваме отворено, да кажеме дали со тоа направивме, со еден ваков член, деконцентрација на надлежностите на министерот? Тоа може да се преведе вака - значи ние сакаме да направиме деконцентрација на овластувањата на министерот, со тоа што никаде директно нема да биде спомнат, никаде директно нема да го видите, но затоа ќе постојат органи во фондот со кој што директно министерот нема да си ги кори рацете, односно нема да "вади жешки костени" ќе ги вади некој друг, но ќе работи онака како што министерот замислил. Само еда пренесена иннгеренција на некој друг. И сега, доколку "не се оствари програмата", наместо да одговара оној кој е директно виновен што поставил свои членови, затоа што именувал свои членови, директори итн., ќе одговара некаков си член на управниот одбор повторно од страна на министерот.Тотално грдо.Тоа, како правник никогаш не ми било јасно, особено не ваква одредба, каде што е очигледно јасно која е целта и намерата на овој закон.

На истиот член, почитувани колеги, се нуди алтернатива, каде што стои "членовите на управниот одбор ги именува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за култура". Е сега, ова решение е некакво логично решение. Ако сакаме да го тргнеме министерот на страна и да му дадеме можност да предла.а но сепак еден орган кој е повисок од него кој е извршен орган во Република Македонија, Владата, да именува претседател и членови на Управниот одбор што е логично. Но, една работа е испуштена во алтернативата. Логично ќе се постави прашањето кој ќе ги разрешува? Заборавен е зборот "разрешува". Дали е заборан, дали е намерно исутен, или намерно не е ставен. Тука ќе се отвори проблемот. Владата ќе ги именува, министеот ќе разрешува, уште подобра и уште поглува работа. Тука треба сериозно да се размисли кога нешто се предлага како алтернатива јасно да се каже што се сака, а не да се создава заблуда или забуна.

Членот 14, повторно имаме надлежности на Управниот одбор, алинеја 4, предлага на министерот за култура мерила и критериуми. Во контекст на она што претходно го кажав, зборот "предлага на министерот за култура" да се бришат и да стои "утврдува мерила и критериуми за финансирање на проектите по јавниот конкурс", ако сакаме овој орган да има своја самостојност. Ако не, не мора да стои една ваква одредба.

Тука јас би додал, затоа сакам, предлагачот е тука, заменик - министерот е тука, едно мое размислување, нормално, ога ќе дојде втората фаза, во членот 14 јас би предложил да се додаде уште една нова алинеја што би била претпоследна и би гласела: "Управниот одбор именува и разрешува директор на Фондот". Ќе кажам зошто. Мора да постои некаква двостепеност. Во овој закон се повикуваме на Законот за облигациони односи, се повикуваме на Законот за општа управна постапка итн, ако се повикуваме на тие закони, ако Уставот го гарантирал правото на жалба ,итн., итн., тогаш и во вакви институции мора да има двостепеност. Ако еден орган, не зависно дали е тоа министерот за култура или е Владата ги именува двата органи во еден фонд, значи и управниот одбор и директорот, тогаш не ја гледам двосепеноста. Не ја гледам улогата на едниот и на другиот односно нивната разграниченост. Затоа тука треба да се размисли ако се оди со алтернативно решение, управниот одбор како повисок орган што го именува Владата и го разрешува Владата, тогаш да си даде можност да самиот одбор го именува диуректорот. И тука би било логиката. Така е скоро во сите закони каде то постојат вакви органи. Така треба да биде и овде. Тоа е мое размислување, штомислам дека и предлагачот т реба да го прифати.

Одиме понатаму. Членот 15 каде што се зборува кој раководи со фондот, значи сега се зборува за директорот, ставот 2 треба да претрпи измена, според мене, поприфатлива е алтернативата и ако одам во таа насока ќе ги кажам сите забелешки понатаму. Директорот на Фондот го бира и го разрешува министерот, не министерот, туку Владата на Република Македонија. Во ставот 4 ако се зборува кои услови треба да ги исполнува директорот за да биде именуван, треба да се напише онака како што го предвидел Законот за работни односи. Значи, треба да ги користиме и нормите кои веќе се воспоставени и да кажеме следно: "Покрај општите услови предвидени предвидени во законот за работни односи, директорот треба да ги исполнува и следните посебни услови. . .', така се пишува закон кога станува збор за права од работен однос, затоа што лек специјалист е Законот за работни односи. И, сега можете да набројувате дека има завршено тоа и тоа итн, не би ги читал сите.

Последната алинеја пред ставот 5 да има познавање од најмалку еден странски јазик. Во Република Македонија, почитувани колеги, е најтешко прашање кога некого би го прашале што е странски јазик во Република Македонија, навистина е нејасно кој е странски јазик, затоа што веќе ние не знаеме кој ни е домашен јазик, па камоли да знаеме кој ни е странски јазик. Лично за мене странски јазик е албанскиот јазик, затоа што граничиме со Албанија. Лично за мене странски јазик е и српскиот јазик, па јазикот на хрватите, бугарски итн. Дали се мисли на тоа или се мисли

на некој јазик, да речеме, од Европската Унија итн. Сметам дека треба да се прецизира, затоа што утре ќе ви се најде некој албанец од Мала Речица кој ќе конкурира со познавање на странски јазик албански. Вие после ќе му толкувате де согласно Бранковиот договор тој дел е втор службен јазик итн, и нема да го примите на конкурсот, затоа што човекот знае два странски јазици, албански и малку македонски јазик. Според тоа, оваа одредба треба да биде јасно прецизирана. Да се знае каков светски јазик, па еве јас нема да се трудам тоа да го прецизирам, ќе оставам на предлагачот, со оглед на тоа што ќе има втора фаза. Нека се потруди малку предлагачот. На членот 15 сега се нуди алтернатива 2. Директорот на Фондот го именува и го разрешува Владата на Република Македонија.За мене оваа алтернатива е неприфатлива, затоа што не можете вие да му дадете иста позиција на Управниот одбор и сега Управниот одбор го бриа Владата, ама и директорот го бира Владата, истата работа како и во предлогот министерот бира и едно и друго. Кажав дека треба да има некоја хиерархиска подреденост и треба да се знае дека Управниот одбор е повисок орган, нека го бира Владата , а овој другиот или министерот или Управниот одбор, според мене ако одиме во самостојност, да го бира Управниот одбор а не Владата. Така ќе му дадеме огромни права на директорот и тој ќе може да ни се фали и да се чука во гради дека е тој со толкава висока функција, што дури Владата го именувала. Мислам дека тука нема потреба од тоа.

Следната алтернатива, која би дошла трета, а која зборува за заменик директор, според мене треба да отпадне и воопшто не треба да стои во законот. Ако е целта да се задоволи коалициониот партнер ДУИ, по што обично тие бараат секаде каде што има директори да има и заменици за да се задоволи нивната правична застапеност, ако е тоа воопшто правична застапеност, нема логика кога и самиот директор нема кој знае какви ингеренции, па сега да има и заменик директор. Всушност самиот збор заменик значи дека го заменува директорот и зошто сега треба да ставаме некој посебен член, па да ги набројуваме сите услови како се бира, па и мандат од 4 години, мислам дека е тотално непотребно и нелогично решение.

Членот 16 е доста интересен. Овој член зборува дека директорот на Фондот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој што е избран во следните случаи.

Прво, на лично барање. Тоа е неспорна работа. Секој кој сака да си оди да биде разрешен не треба да му го спориме тоа право. Но, сега точката 2, 3 и 4 за мене се спорни, а тие велат: "Ако по негова вина Фондот не ја остварува програмата за работа", Потоа продолжува" ако по негова вина е нанесена штета на Фондот" и последното:"ако не работи согласно со закон".Наизлгед некој ќе рече па што е тука нејасно? Јас ќе кажам што е тука нејасно. Кој е тој што ќе ја утврди вината. Никаде во овој закон не гледам објаснување, не гледам член кој ќе каже дека вината на директорот ја утврдува тој и тој орган, ниту пак гледам постапка на кој начин ќе се утврди таа вина. Затоа што, ако веќе зборуваме за вина и ако тргнеме согласно Законот за облигациони односи, согласно Законот за работни односи, секаде каде што потенцираме дека постои вина кај некој, таа треба да биде утврдена, ама да знаеме од кого. Дали од министерот, дали од Владата, од Управниот одбор, од некоја дисциплинска комисија, тоа треба да се знае. Треба на човекот да му овозможиме можност да се брани и треба на човекот да му овозможиме еден орган кој што ќе утврди дали постои вина. Ако, да речеме, во последниот случај не работи согласно законот, треба да се каже дека не работи согласно закон според извештајот на Државниот завод за ревизија, според некој орган или можеби со одлука на суд итн. Но, вака апстрактно навистина доведува до заблуда и не доведува до една можност да може буквално секој да одлучува за вина на некој директор. И, така ќе можете да го менувате директорот кога ви се сака и како ви се сака , па ако треба и за партиски вработувања или партиски подобри кадри. Па, ќе му речеме ти си виновен што програмата не се оствари , иако никој од нас ништо не работеше, ама ти си тој виновниот. Заради тоа треба да постои јасна одредба кој орган, во каква постапка итн. Не е страшно, може овој закон да има и повеќе членови. Јас се извинувам што буквално скоро на секој член имам забелешка, но што да правам. Така е напишан, така и зборувам.

Членот 17 сега зборува кога не може или не е избран директор или пред време му престанал мандатот ако го разрешиме, министерот за култура , ова се сега прашалници, дали министерот за култура, дали Владата, дали Управниот одбор, веројатно сето ова што го зборував во конечната верзија ќе имаме некој јасен орган, веднаш, значи збор веднаш, одма или сега нема потреба да стои, именува вршител на должност директор без конкурс од редот на вработените. Во членот 17 треба да биде јасно дека ВД вршителот на должност мора да биде именуван од оној истиот кој што го именува и директорот. Значи, да нема нејаснотија ако директорот го именува Владата, тогаш и ВД дирелторот треба да биде именуван од Владата. Исто така, тоа зависи кое решение ќе го земе предлагачот и кое решение ќе помине овде во Собранието.

Одиме со финансирањето, членот 20. Во овој член, еве имаме една новина, што според мене е логична. Ако беше причина за филмската продукција тоа што имаше само еден јавен конкрус и тоа во мај, сега се нуди мможност да има два такви конкурси односно два пати годишно, еднаш во мај, еднаш во септември, што

значи дека како некоја новина е прифатливо, заради тоа што филмската продукција е од национален интерес и треба да биде повеќе застапена во рамките на културата во Република Македонија. Тука тоа го поддржувам, мислам овој член го поддржувам и не му наоѓам никаква мана.

Членот 21 почнува со:"За Програмата од член 2". Јас се извинувам, почитувана заменик министерке, можеби станува збор за техничка грешка, бидејќи во член 2 не станува збор за никаква програма. За програма зборува член 4. Веројатно е техничка грешка. Тука треба да стои член 4 од овој закон за доделување на средства по конкурсот одлучува Управниот одбор по предлог на директорот. Логично решение. Зборовите Програмата треба да одразува мултикултурна димензија итн, треба да се бришат од проста причина што нема потреба да потенцираме каква димензија треба таа Програма да предизвикува и да праив, затоа што Република Македонија во овој закон ако ја дефинираме дека треба да се грижи за својот национален интерес и ако го дефинираме што е тоа национален интерес, тогаш нема потреба да зборуваме мултикултурна и незнам каква, за што тие зборови се општо познати. Кога ќе се дефинира националниот интерес, нема потреба да го шараме законот со некакви зборови како мултикултурна, мултиетничка и било каква држава. За што, верувајте веќе ни се смачило од слушање на вакви изрази за една држава од 2 милиони народ.

Членот 22 е во директна спротивност со членот 21. Логиката е ваква, ако Управниот одбор кој претходно го дефиниравме во членот 21 дека доделува и одобрува средства, што бара сега пак министерот за култура  со акт да ги утврдува посебните критериуми за финансирање на проекти. Нема потреба. Ако сте му дале право на Управниот одбор тој да одлучува за средствата по конкурсот не гледам зошто министерот за култура треба да дава некакви критериуми. Пак ќе кажам со цел во онаа глобална цел во овој закон да имаме деконцентрација. Ако сакаме да го деконцентрираме, треба тоа да го направиме и да се знае да му го оставиме тоа право на Управниот одбор, а не министерот да се меша секаде. Еве, да не се лути министерот за култура дека согласно мојата дискусија буквално ништо не му оставивме во Фондот дека нема никакви ингеренции, еве една ќе остане и јас се сложувам. Член 27 став 1, надзор на спроведувањето на овој закон да го врши министерот за култура. Доста му е толку. Верувајте и она што го направи во културата и ова му е многу. Но, ќе кажам само на спроведувањето на овој закон, а не да се сфати надзор над се, затоа што веќе став 2 зборува кој го врши надзорот на финансиското работење, иако тој треба да биде попрецизен. Значи, ревизија може да врши и независна ревизиска куќа. Значи, треба да има некој, Државниот завод за ревизија и независна, испуштен ви е зборот.

Сега, одиме на преодни и завршни одредби. Среќа е што овој закон има само 31 член, инаку ако беа фазла, сигурно преку 1 час ќе поминеше. Фондот почнува со работа на 1.01.2005 година, и логично треба да донесеме буџет, а и не верувам дека ќе го донесеме до 1.01. Сега, овде дали е техничка грешка 2005 или 2006 година, пошто 2005 година ја врвиме. Министерот за култура, ставот 2, ставот 3, ставот 4, почитувани предлагачи, мора да се преработи. Согласно оние алтернативни решенија кои што ги нудите во законот, а кои што сметам дека во втората фаза ќе ги прифатите. Секаде каде што стои министерот за култура во рок од 15 дена ќе именува вршител на должноста, треба да се смени и да се каже Управниот одбор или Владата како алтернативно решение. Понатаму, исто министерот за култура распишува јавен конкрус, нема министерот да распишува јавен конкурс. Министерот за култура ги именува членовите на Управниот одбор, нема да стои министерот, ќе стои Владата на Република Македонија итн. Зна!чи, тие три одредби во преодните и завршните решенија мора да се преработат, доколку нормално го прифатите алтернативното решение кое сами го нудите, а кое според не само мојата дискусија, но од сите овде излагања кои што ги слушнавме и во петокот, навистина се крајно логични. И, ако ја сакаме основната цел овој Фонд да ја оствари целта поради која што му ја даваме законската можност, така и треба да постапиме.

Прашањето по однос на член 29 зошто заклучно до 2007 година, значи една година фактички да одат средствата на посебна сметка, не ја гледам логиката, но веројатно е потребно време, така проценува Владата односно предлагачот.

Почитувани колеги, ова се моите забелешки. Се потрудив да кажам и воопшто, но и конкретно на секој член и да не се сватам погрешно јас како пратеник никогаш не сум бил против основање на фондови. Ниту сум бил во она време кога бевме власт и тогаш сум ги поддржувал таквите фондови, вклучително и Фондот за земјоделство итн, и сметам дека Фондот на начинот на кој се концепира како начин на финансирање на одредена дејност покажува резултати. Тоа за разлика од мене, кај оваа Влада постои разлика, еднаш вели едно, друг пат прави друго. Од тие причини јас ја поддржувам идејата што се однесува до филмската дејност истата да се финансира на фондовски начин на финансирање, онака како што предлагачот нуди. Јас и покрај тоа што искажав еден куп забелешки, бидејќи станува збор за прва фаза, за потреба од донесување на закон, ќе гласам за, но би упатил уште една сугестија до предлагачот да ги земе предвид сите овие забелешки кои што ги искажав и во втората фаза да ги вкалкулира. Од тоа ќе зависи дали и конечно јас и мојата пратеничка група на ВМРО-Народна партија ќе дадеме позитивен глас по однос на конечната верзија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи, нема пријавено за збор го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во Собранието пред да го предложам заклучокот.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување закон за филмскиот фонд на Република Македонија .

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за филмскиот фонд на Република Македонија, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој Заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за култура.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 63 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

**Минуваме на точка 15-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водните заедници, со предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водните заедници.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника, гласале 65 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни, 60 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 62 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за водните заедници.

**Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водостопанствата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Собранието предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот на водостопанствата и ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 2, алинеја 2 и на член 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 алинеја 2, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Садула Дураку:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Садула Дураку:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за водостопанство.

**Минуваме на точката 17 - Барање за давање автентично толкување на член 9 точка 1 од Законот за денационализација, поднесена од пратеникот Ристе Бислимовски.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 9 точка 1 од Законот за денационализација, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски не е оправедано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член, од причините содржани во извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок заедно со Извештајот на Законоддавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Ристе Бислимовски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 63 гласаа за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 18 - Предлог на декларација Земја по мерка на децата.**

Предлогот на Декларацијата Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлог-декларацијата.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Мингова, повелете.

**Благородна Мингова - Крепиева:** Почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки,

Дозволете ми мошне кратко да ги образложам причините во име на група пратеници зошто е предложена оваа декларација "Земја по мерка на децата", иако верувам да имавме и технички можности нема пратеник во ова Собрание кој не би ја потпишал и не би ја поддржал оваа декларација.

Оваа декларација произлезе од специјалната сесија за децата одржана на 20 јуни во Скопје во организација на Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија и Канцеларијата на УНИЦЕФ во земјата. Инаку, во овој регион минатата година таква сесија беше одржана во Сараево и од таму имаме Сараевска декларација. Сега многу често оваа декларација се именува и како Скопска декларација.

Целта на специјалната сесија за децата беше да се разгледаат состојбите на децата и семејствата во земјава од 2000 година кога на глобално ниво беа промовирани милениумските развојни цели на Обединетите нации. Да се стимулираат политичките и јавните заложби за детските права и да се забрзаат активностите насочени кон остварување на тие права на децата во нашата земја.

Иако нашето Собрание пред неполни две години донесе Декларација за заштита на правата на децата, сепак, годинава и токму месецот кој заврши ги одбележуваме 60 години од формирањето на Обединетите нации и предлагачите сметаат дека Собранието на Република Македонија, земја членка меѓу 189 земји членки, која целосно ги поддржува и се залага да ги преточи во општественото живеење сите милениумски цели, особено оние кои се однесуваат на децата, треба да ја донесе оваа деклрарација "Земја по мерка на децата".

Причините да се понуди оваа декларација и повторно да се отвори овој комплекс на прашања, ги наоѓаме пред се во потсетувањето на обврските кои сите ние ги имаме во обезбедувањето на услови за остварување на правата на детето.

Потоа, зајакнувањето на националното дејствување во корист на децата, со развој на специфичен и временски определен национален акционен план, базиран на националната стратегија, за која ние како членови на овој Парламент се заложивме на почетокот во 2000-2004 година, кога ја донесовме и нашата декларација.

Потоа, сметавме дека редовно треба да се следи и надгледува напредокот во остварувањето на овие цели, како на национален, така и на локално ниво.

Почитувани пратеници, не само заради милениумските развојни цели, туку пред се, и од политичката важност за иднината на земјата, за нас суштествено е детските права да бидат

поставени на прво место на Националната развојна агенда. Сакајќи да ги афирмираме уште еднаш обврските кои ги има државата во заштитата и гарантирањето на основните права на детето во сите сфери на општествениот живот и за сите групи деца, сообразно на нивната возраст, социјален статус, физичка, здравствена и психичка состојба, групата пратеници ја предложи оваа декларација, сметајќи дека со тоа ќе се постигне целокупна јавност во создавање, надградба на техничките и институционалните капацитети на општеството во целина, кон достигнување на повисоки предуслови, на економски, социјален, културен и образовен разввој на децата, како и негување на слободата на погледите и мислењата кај децата, притоа, почитувајќи ги основните принципи за почитување на личноста на децата, за негово одгледување во здрава семејна средина, за обезбедување интересите на детето да дојдат до вистински израз, за посебна заштита на децата со ризично однесување и создавање услови за развој на децата со исклучителни способности, за обезбедување посебни услови, заштита и грижа за децата со посебни психички и физички пречки во развојот. Само така ќе може да се оствари и мотото на оваа декларација "Земја по мерка на децата". Свесни сме за да се оствари оваа декларација и агендата за акција, неопходна е јака потврдена политичка волја, но исто така и значителна мобилизација и алокација на дополнителните ресурси, како на национален, така и на меѓународен план. Предизвиците пред нас се огромни. Но сметам дека ние пратениците, Владата и владините институции, како и целото граѓанско општество, можеме заедно да направиме место, каде децата ќе уживаат во своето детство, каде нивните права се заштитуваат без дискриминација, каде нивните интереси се најважни. Место каде целосно може да се развива потенцијалот во мир и во достоинство. Искрено верувам колеги, дека поддршката дадена од сите пратенички групи, при пуштањето во собраниска процедура на оваа декларација значи само едно: дека сите ние искрено ќе се заложиме нашата земја да биде земја по мерка на децата.

Заблагодарувајќи ви се на вниманието, само ќе потсетам дека за овие прашања водевме опстојна расправа при донесувањето на нашата декларација, а денес очекувам, ако не акламативно, тогаш со почит и достоинство да ја усвоиме оваа декларација произлезена од Канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Мислам дека беше исцрпно излагањето. Молам другите да бидат малку пократки.

Госпоѓа Биковска, повелете имате збор.

**Наташа Биковска:** Почитуван претседател, почитувани предлагачи, останати колеги пратеници,

Имајќи го предвид непроценливото значење на правилниот развој и воспитување на детето за негово успешно вклучување како рамноправен член во општеството и особено тргнувајќи од фактот дека детето во целост треба да биде подготвено да изгради правилен систем на вредносни морални норми и да биде воспитано во духот на мир, достоинство и разбирање, слобода и солидарност, притоа раководејќи се од принципите прокламирани во декларацијата за правата на детето во Организацијата на Обединетите нации и во другите меѓународни акти, заеднички треба да се потсетиме и како политичари и како родители, но и за целокупната наша јавност, дека и нашиот Устав, Уставот на Република Македонија гарантира неприкосновени и еднакви права и слободи на детето, без оглед на социјалното потекло и моќната состојба. Притоа истакнувајќи дека е завбранета секаква злоупотреба и физичко или психичко малтретирање или злоставување на детето и дека треба да се почитува личниот, физички и морален интегрирет на детето и да се обезбеди соодветна заштита на неговите законски права и интереси.

Република Македонија е земја потписничка на Конвенцијата за правата на детето од 2 декември 2003 година и нејзините придружни протоколи и потписник на сите релевантни и меѓународни инструменти за човекови права. Притоа, се залага за водење на хумана популациона политика, овозможување соодветна посебна грижа и заштита на децата, развој на личноста на детето и подигање на свеста за соживот, почитување на националните, културните и другите општо цивилизациски вредности и за прифаќање на различностите.

Сериозно загрижени поради зголемњената ранливост на децата кон сите форми на злоупотреба, дискриминација, социјално исклучување и експлоатација, особено зголемената меѓународна трговија со деца и притоа, имајќи ги предвид штетните и трајни последици врз децата, со декларацијата "Земја по мерка на децата", уште еднаш ја потврдуваме својата заложба за промовирање и заштита на детските права.

Декларацијата предвидува поставување на децата на прво место на националната развојна агенда. Издигнување на детските права на ниво на најголемо значење и политичка важност. Креирање на можности децата да учествуваат и да ги изразуваат своите видувања по сите прашања кои влијаат на нивните животи. Особено внимание и значај со декларацијата придаваме на промовирањето на социјалната еднаквост, давајќи приоритет на инвестициите во социјалниот сектор.

Понатаму, грижа за секое дете за образование, здравство и социјална заштита, без дискриминација од било каков вид. Лоцирана е исто така неопходност за изменување на

домашното законодавство, развој и спроведување, политики, стандарди и процедури по мерка на децата на државно и локално ниво. Обезбедување соодветност, ефикасност и финансиска одржливост на програмите и службите за децата.

И конечно, градење на општество во кое сите деца се во училиште и ќе бидат казнети сите оние кои ги експлоатираат и злоставуваат децата. Власта е целосно посветена на сите системски промени, насочени кон најдобриот интерес на децата.

Република Македонија сите свои ресурси да ги мобилизира, децата да уживаат во своето дејство. Нивните права да се унаредуваат и заштитуваат без дискриминација, нивните итереси да бидат најважни и целосно да го развиваат својот потенцијал во мир и достоинство.

Како таква, декларацијата прекрасно насловена како деклараррација "Земја по мерка на децата"м не само што ја заслужува својата поддршка, туку не обврзува секој во своето семејство, во своето најблиско опкружување и преку институциите каде работи и заедницие во кои припаѓа да ги промовираме и да ги заштитуваме детските права и интереси. Впрочем,почитувани затоа и постоиме.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Митковска, имате збор.

**Милка Митковска:** Благодарам господине претседателе,

Почитувани колеги пратеници, пред нас се наоѓа декларацијата "Земја по мерка на децата". Верувам дека сите ќе се согласиме со фактот дека децатта се наше најголемо богатство и наша иднина.

Според тоа, ние треба да им посветиме најголема грижа и тие треба да бидат наша обврска. Ако светот по мерка на децата е свет по мерка на сите нас, тогаш да им овозможиме услови за правилен развој, обазование и воспитание, социјална и здравствена заштита, сигурност и спокојство, мирен сон и креативност, правилна насоченост и интегрирање во општеството.

Во таа насока, Владата на Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за правата на детето и нејзините придружни протоколи, како и Сараевската заложба усвоена на Втората меѓувладина конференција за Европа и Централна Азија, на која Република Македонија ја потврди својата заложба за промовирање на детските права. Веројатно Македонија, со усвојувањето на овие акти направи еден важен чекор во промовирење и заштита на детските права. Меѓутоа, праксата покажа една друга слика, во едно време на комплексна транзиција, како и сегашната состојба во светот со голема присутност од воени судири, тероризам како светски застрашувачки фактор е прилично присутен, корупциските појави се шират во многу држави каде што цвета мафијата и тоа со силеџиство, силеџиство со организиран криминал, трговија со дрога, оружје, бело робје и слично.

Се нижат трауми како кај децата така и кај родителите од појава на сите форми на насилство, злоупотреба, дискриминација, социјална нееднаквост, експлоатација, повторно трговијата со деца и многу други аномалии во детскиот сензитивен и ранлив живот. Од тука, како резултат на ваквите појави, од една страна, и потписништвото на Република Македонија на Конвенцијата за правата на детето и многу други релевантни меѓународни и регионални инструменти за човекови права, од друга страна, предизвикаа активност во Кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, како и Канцаларијата на УНИЦЕФ. Како резултат на тоа беше одржана специјална сесија на децата, на која беше донесена и Скопската декларација.

Денес како пратеници во овој законодавен дом треба да ја разгледаме и усвоиме оваа декларација, со што Собранието ќе ја искаже својата спремна и потврдена политичка волја да ги активира сите расположиви ресурси со цел на децата да им обезбеди целосна заштита на нивните права, да биде потенцирано достоинството на детето, личноста на детето, детето да не се вовлекува во валканите игри на возрасните, туку глобализацијата во светот за детското единство да биде стремеж кон новиот милениум. Да не се заборави изреката "Светот останува на децата ", а водечки мотив да биде: мир и љубов за децата.

Либералната партија дава сестрана поддршка на оваа декларација, бидејќи децата тоа го заслужуват. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелета госпоѓо Андова, имате збор.

**Ана Андова:** Благодарам господине претседател.

Колеги и колешки пратеници, од еден друг аспект дозволете ми само накратко да кажам неколку реченици во знак на поддршка на оваа декларација и да го искажам своето видување, а и заради оддржување во континуитет на целите на истата.

Сакам да истакнам и да го повторам фактот дека пред ова Собрание пред пратениците, мислам дека беше пролетта, беше презентирана една лонгитудинална студија за статусот, за состојбата на децата во македонското опшество од страна на центарот за психосоцијална и кризна акција, како еден од осумдесетте во светската мрежа која го следи општествениот, психосоцијалниот, здравствениот и социјалниот статус на децата како дел од светската популација. Некои наоди од нашиот дел од таа студија беа загрижувачки и беа широко елаборирани во јавноста, меѓутоа, одреден дел беа восхитувачки и на тој дел од наодите, кои сега нема да ги коментирам, треба и може да бидат земени како оперативни премиси во креирањето на севкупните политики на

владино и секое друго институционално ниво, во приодот, во решавањето на конкретни пројави и манифестации во сите области во кои се пројавјва ранливост кај децата како дел од нашата популација, во делот на семејното насилство, злоупотреба, дискриминација, социјално исклучување и секаков друг вид на експлоатација или атак врз детската личност.

Уште еднаш да кажам, ја поддржувам Декларацијата Земја по мерка на децата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете, имате збор.

**Силвана Бонева:** Сосема накратко сакам да го искажам нашиот став, односно нашата поддршка за Декларацијата Земја по мерка на децата. Сметам дека со донесувањето на оваа декларација уште еднаш ќе свртиме внимание не само на Владата, туку и на севкупната јавнос во државата за потребата од многу сериозен однос кон децата кои се нашето најголемо богатсвто, како што милуваме да кажеме, меѓутоа, тоа е можност сериозно да се сврти вниманието, да се работи на создавање услови за квалитетно образование на сите деца во држвата, за овозможување пристап до образовните институции, значи сериозно обезбедување за учење во образовните институции за сите деца, вклучувајќи ги и децата кои имаат хендикеп, сериозно треба да води сметка државата, односно Владата во овој момент како извршна власт во оваа држава за посебна грижа за здравјето на децата. Тоа треба да биде повод сериозно државата да се зафати за конечно создавање на економски услови за заздравување на семејството во Република Македонија, а тоа ќе го направи доколку започне во Република Македонија еден процес на намалување на невработеноста. Сметам дека намалувањето на сиромаштијата, невработеноста, ќе придонесе да се намалат тензиите во семејствата, предизвикани од сиромаштијата и безнадежноста и тоа ќе биде еден сериозен основ за справување на насилството во семејството вклучувајќи го и насилството врз децата, кое што е последица од безнадежноста на родителите кои ја наоѓаат утехата од состојбите во државата и состојбите од сиромаштијата во бегањето, во алкохол или други наркотични средства и нормално, страдаат децата во тие семејства. Ако навистина сериозно сакаме да помогнеме на децата во државата, да се намали нивната злоупотреба, тогаш повторно се навраќаме на економската состојба во државата, повторно се навраќаме на состојбата на семејствата кои што немаат ниту еден вработен и нивните деца се принудуваат да работат се и сешто, а тоа е сериозен основ за злоупотреба на тие деца и тука мора сериозно да размислуваме. Мислам дека не е доволно само да кажеме дека, еве, донесуваме една декларација, потврдуваме дека и ние правиме нешто за децата во Република Македонија. Тоа е еден многу посеопфатен процес и треба многу сеопфатно да се направи сериозна студија, која најпрво ќе води сметка за состојбите и севкупните состојби во државата, па во рамките на тоа да се види како треба да се води политика за да се помага на децата во Република Македонија. Мислам дека основот на сите неприлики, односно нешта со кои се судираат децата во Република Македонија, почнувајќи од питањето до злоставувањето, детската проституција, значи сето тоа во најголем дел е резултат на економската состојба во државата, неисклучувајќи ги и другите фактори, меѓутоа, ние можеме да направиме нешто како Парламент, односно извршната власт како власт за подобрување на образованието во училиштата, за овозможување подобри услови за развој на децата, за нивно подобро здравствено згрижување и, пред се, овозможување нормални услови за нивниот психофизички развој внатре во семејството. Ако семејството нема со што да преживее, нормално дека децата нема да имаат можност нормално да се развиваат и оттаму доаѓа до тоа да биде загрозен и нивниот развој, меѓутоа, и да се јавуаат секакви други несакани последици по нивното здравје и нивниот интегритет, пред се, како личности. Сметам дека, повторно ќе кажам, оваа декларација треба да биде повод за сериозно разгледување на состојбите, севкупните состојби во државата кои се рефлектираат врз децата, состојбите во образованието, здравството, културата и во рамките на тоа децата да си го најдат своето место. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата пред да ја гласаме декларацијата. Мислам дека е од исклучително значење, затоа да бидеме присутни кога ќе гласаме за оваа декларација.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Службите бројат колку пратеници се присутни во салата.

Во салата влегуваат повеќе пратеници).

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Почитувани пратеници, Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 70 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Декларацијата Земја по мерка на децата.

Почитувани пратеници, тука ќе ја завршиме денешнава сесија.

Дополнително ќе бидете известени за продолжување, но во секој случај тоа ќе биде најдоцна во петок. Благодарам.

(Седницата прекина во 12,35 часот)